

# Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

## Заеднички состанок на Комисијата за меѓународна соработка и мрежата на Еразмус + координатори

Ректорат, 20.01.2016

Interreg - IPA CBC

EUROPEAN UNION

Greece - The former Yugoslav Republic of Macedonia

# Билатерална Програма за соработка
# ИНТЕРРЕГ
# ИПА Програма за Прекугранична соработка помеѓу РГрција и РМакедонија 2014-2020

Програмата за прекугранична соработка помеѓу РГрција и РМакедонија 2014 – 2020 е прекугранична програма за европско територијална соработка, кофинансирана од страна на ЕУ во рамките на Инструментот за претпристапна помош. Водечка стратегија на оваа програма е да се зајакне територијалната кохезија преку подобрување на животниот стандард и можностите за вработување, како и одржување на животната средина и користењето на природните ресурси во туризмот.

Програмата е продолжение на Програмата за прекугранична соработка помеѓу РГрција и РМакедонија 2007 – 2013

# ПРИОРИТЕТНИ ОСКИ, ТЕМАТСКИ ПРИОРИТЕТИ И СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

**ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу РГрција и РМакедонија, ќе функционира преку 7 специфични цели структурирани во 4 тематски приоритети, односно во 2 приоритетни оски (со исклучок на приоритетната оска – техничка помош) и тоа:**

**1. ПО:** Развој и подршка на локалната економија

**а) ТП:** Промовирање на вработувањето, мобилноста на работна сила, како и социјалната и културна кохезија во прекуграничната област

**1.1 СЦ:** Создавање можности за вработување за образовани дипломирани лица преку искористување на компаративните предности на прекуграничната област, по можност со примена на иновативни алатки и практики

**1.2 СЦ:** Подобрување на превентивната здравствена заштита и социјалните услуги за деца и стари лица

**д) ТП:** Поттикнување на туризмот и културното и природно наследство

**1.3 СЦ:** Подобрување на атрактивноста и промовирање на туризмот во прекуграничната област, со цел подобрување на вработувањето во туризмот

# ПРИОРИТЕТНИ ОСКИ, ТЕМАТСКИ ПРИОРИТЕТИ И СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

**2. ПО**: Заштита на животна средина – сообраќај

**ц)ТП:** Поттикнување на одржлив транспорт и подобрување на јавната инфраструктура

**2.1 СЦ**: Надоградување на јавната инфраструктура со цел се овозможи безбеден прекуграничен премин и промовирање на енергетската ефикасност преку зелен транспорт

**2.2 СЦ:** Одржливо управување и рециклирање на биолошки отпад

**б) ТП:** Заштита на животната средина и промовирање на адаптацијата, намалувањето, спречувањето и управувањето со ризиците од климатските промени

**2.3 СЦ:** Одржливо управување со заштитените области, екосистеми и биодиверзитет

**2.4 СЦ:** Спречување, намалување и управување со природните катастрофи, ризици и опасности

# ПОДОБНИ РЕГИОНИ И ПРЕДВИДЕН БУЏЕТ

**Во оваа програма на ЕУ се вклучени 2 држави:**

**РГрција** (**Регион Западна Македонија** со Регионална единица Лерин и **Регион Централна Македонија** со сл.регионални единици: Пела, Кукуш, Серес и Солун)

**РМакедонија** (**Пелагониски регион** со сл.општини: Долнени, Крушево, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Битола, Могила, Новаци и Прилеп, **Вардарски регион** со сл.општини: Чашка, Кавадарци, Росоман, Демир Капија, Неготино, Градско Велес, Лозово и Свети Николе , **Југозападен регион** со сл.општини: Македонски Брод, Пласница, Кичево, Дебар, Центар Жупа, Дебарца, Струга, Вевчани и Охрид и **Југоисточен регион** со сл.општини: Гевгелија, Богданци, Дојран, Валандово, Струмица, Ново Село, Босилово, Василево, Конче, и Радовиш

**Вкупниот буџет на Програмата изнесува 20.461.530,00 евра,** од кои **17.392.298,50 евра** или 85% обезбедени од **ЕУ** и **3.069.231,50** или 15% односно национално финасирање.

# РОКОВИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

- **Првиот Повик** на ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу РГрција и РМакедонија 2014 – 2020 е објавен на **07 декември 2015**
- **Краен рок** за поднесување на проектните предлози е **31 март 2016 до 16.00 часот** (по локално грчко време)
- Предлог проектот се доставува до **Заедничкиот Секретаријат** (Joint Secretariat – JS)

# ПАРТНЕРСТВО

• **Најмалку два корисници од секоја земја.** Корисниците коишто се лоцирани надвор од подобните области и во двете земји се подобни само под услов да нивните проектни активности се бенифит за подобната област и нивниот буџет да не е поголем од 20% од вкупниот проектен буџет

• **Максимален број на партнери 6,** вклучувајќи го и **Водечкиот корисник (Lead Beneficary)**

• **Секој потенцијален проектен корисник не смее да учествува во повеќе од три (3) предлози во повикот.** Дополнително, **секој потенцијален проектен корисник не смее да учествува како Водечки корисник – LB во повеќе од еден (1) предлог по приоритетна оска (Priority Axis).** Кога станува збор за високото образование и истражувачки центри, споменатите ограничувања се однесуваат на Департменти/Оддели (во РГрција) и по Факултети или Институти во (ИПА земјата, односно РМакедонија)

• **Водечкиот корисник – LB треба да е по можност лоциран во подобна програмска област.** Во принцип проектите активности на сите корисници, треба да се имплементираат во рамките на подобната област и во нејзина корист

# ПРОГРАМСКА И ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Главни референтни документи во врска со Програмата, изработката на предлог проект и имплементација на проектот** се наоѓаат во **<u>Апликационен пакет</u>**, којшто го сочинуваат:
**1st Call for proposal, 1st Call for proposal summary, Declaration of non-distribution of profits, Programme Manual, Project Manual, Project evaluation procedure, Information and Publicity Guide, Environmental Self-Assessment) и**
**<u>Документација за предлог проектна апликација:</u>**
- Application Form
- **Partnership Declaration – Co – financing statement**
- **Declaration of not generating net revenues**
- **Decision of the governing/designed body of each project partner**
- **Justification of Budget & JoB Guide**
- **Bodies governed by public law**

-**Дополнителни документи** (градежни дозволи, лиценци, техничка документација и сл.) за **инфраструктурни проекти**
**<u>Водечкиот партнер – LB од РМакедонија, дополнително</u>** <u>обезбедува</u>:
-**Financial Identification Form**
-**Legal Entity Form for private/public law body**

**Понатамошни нформации за менаџирање и имплементирање на проектите за коишто се одобрени грантови од ЕУ, може да се најдат во "Practical Guide to Contract Procedures for EU External Actions" (PRAG Rules).**

# ПОДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Апликантите, пред поднесувањето на апликацијата потребно е внимателно да ги проучат и консултираат сите претходно наведените главни референтни документи, додека подетални информации за Повикот може да се најдат:**

- ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу РГрција и РМакедонија: www.ipa-cbc-programme.eu (на истата секоја втора недела се објавуваат прашања и одговори во врска со Повикот)
- Заеднички Технички Секретаријат во Солун: jts-ipa-cbc@mou.gr
- Managing Authority на РГрција: www.interreg.gr
- Министерство за локална самоуправа на РМакедонија: www.mls.gov.mk

**Планирани се инфо денови по два (2) во секоја држава и тоа во рамките на првиот 1,5 месец по објавување на Повикот.**

# Благодариме за вниманието!